Бр./Nr 12-1399/2
26-07-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1399/1 од 15.04.2024 година, оформен од непознат подносител, а во врска со сомневања за незаконитости и прекршувања на законските прописи за време на изборниот процес во 2024 година од страна ---------------, градоначалник на општина -----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1399/1 од 15.04.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, преку електронска пошта на ден 15.04.2024 година, поднесена е пријава а во врска со сомневања за незаконитости и прекршувања на законските прописи за време на изборниот процес во 2024 година од страна на ------------, градоначалник на општина ---------, по што е оформен е предмет број 12-1399/1 од 15.04.2024 година.

Предметните наводи се однесуваат на тоа дека за време на изборната кампања градоначалникот на општина ---------, ------------, на ден 12.04.2024 година одржал јавен настан по повод започнувањето на изградба на објект односно спортско игралиште --------------, при што посочено е дека ваквото постапување на градоначалникот на наведената општина било спротивно на одредбите од член 8-а став 2 алинеја 1 од Изборниот законик.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по пријавените наводи, ДКСК направи увид во електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) по што беше утврдена следната фактичка состојба:
Од страна на договорниот орган ЈП за ------------------ бил објавен јавен оглас со отворената постапка за јавна набавка со бр.------------/2023.
Предметот на набавката бил вршење на работи за „Изградба и реконструкција на спортски објекти".
Економскиот оператор кој подоцна бил и носител на набавката Друштвото за трговија и услуги -------------, на ден 11.01.2024 година поднел понуда изразувајќи ја својата заинтересираност за учество во огласот број ----------/2023 во согласност со тендерската документација, објавен од страна на Договорниот орган за „Изградба и Реконструкција на спортски објекти".
Со донесување на Одлука бр.--------- на ден 18.01.2024 година истиот бил избран како најповолен понудувач.
Бирото за јавни набавки извршил управна контрола на 09.02.2024 година по што бил составен Записник бр. -------- во кој е наведено дека не биле утврдени неправилности кои би имале влијание врз исходот на постапката за јавна набавка.
Советот на општина Тетово, на ден 15.03.2024 година донел Одлука за давање согласност за реализација на овој капитален проект и за давање гаранција за реализација на Проектот Изградба и реконстукција на спортски објекти според јавната набавка со број --------/2023.

По спроведувањето на постапката за јавна набавка, на ден 18.03.2024 година бил склучен Договор со носителот на набавката **Друштвото за трговија и услуги ------------------ со износ од** ---------------- денари без вклучен ДДВ.

Во врска со наводите во пријавата дека градоначалникот на општина -------------, ---------------- бил присутен на одржаниот јавен настан по повод започнувањето на изградба на објект односно спортско игралиште –Градски стадион -------------, ДКСК утврди дека за наводите подносителот нема доставено доволно докази кои ќе го потврдат сторениот прекршок утврден во член 8-а став 2 алинеја 1 од Изборниот законик, а кој се однесува на забраната да се одржуваат јавни настани по повод започнувањето на изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од Буџетот или од јавни фондови.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од горенаведеното ДКСК констатира дека со случајот со активностите превземени од страна на градоначалник на општина ----------, а кои беа опфатени во наводите во пријавата, нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК